**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ПРВАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 14.03.2024 година

**СКОПЈЕ, МАРТ 2024 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и првата седница
на Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 14.03.2024 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на Верификационата комисија;
2. Предлог - Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2023 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства;

7. Предлог - Заклучок за прифаќање на Иницијатива на Градоначалник на Општина Гази Баба, за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба;
8. Предлог - Одлука за формирање на Комисија за Деловник на Советот на Општина Гази Баба;
9. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година;
10. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2023 година;
11. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2023 година;
12. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година;
13. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година;
14. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за дотации од Владата на Република Македонија за 2023 година;
15. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2023 година;
16. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2023 година;
17. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година;
18. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2023 година;
19. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година;
20. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година; и
21. Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на Верификационата комисија.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот на Верификационата комисија, со **24 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот на членот на Советот - **Влатко Петрески** му ја честиташе верификацијата на мандатот и го покани да даде свечена изјава. Членот на Советот даде свечена изјава, истата ја потпиша и предаде на стручната служба.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Сашо Кукески (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2023 година, со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година, со **19 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства, со **23 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на Иницијатива на Градоначалник на Општина Гази Баба, за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на Иницијатива на Градоначалник на Општина Гази Баба, за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на Комисија за Деловник на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на Комисија за Деловник на Советот на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата (со измените во текстот на извештајот) ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со измените во текстот на извештајот) ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2023 година, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со измените во текстот на извештајот) ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година, со **21 глас "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за дотации од Владата на Република Македонија за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за дотации од Владата на Република Македонија за 2023 година, со **21 глас "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот Марија Ѓошевска (Левица).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2023 година, со **21 глас "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со измените во текстот) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Четириесет и првата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:25** часот.

**Број 09-2312/2**
**од 30 април 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот